**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Руски јазик

## за VI одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Руски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Први контакти (Јас и другите...)<br>• Опкружување<br>• Слободно време |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD - плеер, интерактивна табла<br>• Слики, постери, фотографии, предмети, флеш-карти, стикери, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, блокови, дрвени боички, фломастери<br>• Учебник, прирачници, речник, списанија (печатена и/или електронска форма) |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *руски јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>Завршени студии по руски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени студии по руски јазик и книжевност – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени студии по руски јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени двопредметни студии по македонски и руски јазик, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- завршени студии по руски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за |

| | |
|---|---|
| | наставата по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br>- Завршени двопредметни студии по руски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Завршени студии по руски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Завршени студии по руски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-A.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-A.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-A.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали, од видот реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.; |
| II-A.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-A.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности; |
| II-A.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки коишто произлегуваат од секојдневна потреба. |

| | |
|---|---|
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата, |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила, |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| III-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| III-Б.2 | познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| III-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури; |
| III-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-А.6 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, во социјални активности или за лични потреби. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Личен и социјален развој**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |

| | |
|---|---|
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |

| | |
|---|---|
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување. |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| |
|---|
| Тема: ***ПРВИ КОНТАКТИ***<br><br>Вкупно часови: 24 |
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да: |

| |
|---|
| 1. ги препознава основните информации во куси искази во врска со лични податоци, семејство и интереси;<br>2. поздравува / отпоздравува, искажува благодарност, молба и извинување;<br>3. поставува едноставни прашања на други лица (име, презиме, место на живеење, земја на потекло, возраст, интереси, професија);<br>4. пишува краток текст со едноставни реченици со усвоена лексика од темата;<br>5. препознава семејни релации и врски меѓу членовите во потесното и поширокото семејството и од различни култури |

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Јазични функции:<br>• формално и неформално поздравување/отпоздравување (*Здравствуйте, Иван Петрович! -Здравствуй, Саша! -Доброе утро! Добрый день! Добрый вечер! Привет, Лена! До свидания! До завтра! Пока! Очень приятно. Рад(а) познакомиться. Взаимно.)*<br>• барање и давање информација при запознавање: име, презиме, место на живеење, земја на потекло, возраст, интереси, професија (*Как тебя/ Вас зовут? Меня зовут Татьяна. Сколько тебе/Вам лет? Мне 11 лет. Откуда ты/Вы? Я из Битолы.)*<br>• претставување други лица и давање куси информации за нив *(Кто это? Это Елена. Это мой друг Виктор. Это моя подруга Лена. А это моя сестра Зина.)*<br>• Искажување молба, извинување, благодарност*: (Дай(те), пожалуйста ручку! Извините, пожалуйста! Простите, пожалуйста! Мне очень жаль! Спасибо! Благодарю тебя/ Вас! Пожалуйста!)* | • Препознава изрази за поздравување/отпоздравување;<br>• Разликува формално и неформално обраќање;<br>• Користи правилни модели за формално и неформално обраќање, поздравување, отпоздравување, извинување, заблагодарување;<br>• Разбира и одговара на едноставни прашања поврзани со лични информации;<br>• Применува новонаучени зборови и едноставни куси изрази за да се претстави себеси;<br>• Поставува едноставни прашања за да продолжи дијалог за местото на живеење, семејството и пријателите;<br>• Образува куси реченици и применува едноставни граматички структури за да ги претстави членовите од семејството и пријателите;<br>• Разликува фрази за искажување молба, извинување, благодарност*:*<br>• Пишува фрази за искажување благодарност;<br>• Преведува куси едноставни фрази од руски на мајчин јазик и обратно за искажување молба, извинување, благодарност. |

| | |
|---|---|
| Лексички единици:<br>• лични податоци (*имя, отчество, фамилия, место жительства, возраст)*<br>• Семејство (мама/мать, папа/отец, брат, сестра, бабушка, дедушка, тетя, дядя, племянник, племянница, внук, внучка)<br>• прости броеви (1-20) | • Разбира зборови и изрази поврзани со лични податоци, интереси и семејство;<br>• Употребува зборови и изрази поврзани со лични податоци и семејство;<br>• Именува членови на семејството;<br>• Преведува куси едноставни искази и прашања од руски на мајчин јазик и обратно поврзани со лични податоци и со семејството;<br>• Ги помни броевите до 20;<br>• Ги користи броевите до 20 во кратки реченици; |
| Граматички содржини<br>• азбука (разлики и сличности помеѓу руската и македонската азбука, изговор на ы, я, ё, ю, э, й, щ, ъ, ь),<br>• интонација на прашални и исказни реченици,<br>• лични заменки во номинатив *(я, ты, он, она, оно, мы, вы, они),*<br>• глаголи во сегашно време (звать/называть, жить, работать, учиться),<br>• Конструкции: у меня есть/ у меня нет..<br>• именки во номинатив<br>• род и број кај именките<br>• категорија живо/неживо (одушевленность/ неодушевленность)<br>• Присвојни заменки (мой, твой, его, ее, наш, ваш, их)<br>• Именки во генитив со предлозите из и с (потекло)<br>• Именки во локатив со предлозите в и на (место на живеење) | • Ги изговара правилно гласовите во рускиот јазик;<br>• Согледува разлики и сличности меѓу гласовите во рускиот и во мајчиниот јазик;<br>• Разликува интонација на прашална и исказна реченица;<br>• Правилно употребува интонација на прашална и исказна реченица во краток дијалог;<br>• Користи лични заменки во еднина и множина;<br>• Препознава наставки за образување сегашно време на глаголите во сите лица еднина и множина;<br>• Формира кратки реченици со правилна употреба на сегашно време на глаголите;<br>• Пишува кратки синтагми со правилна употреба на родот и бројот кај именките;<br>• Ги разликува именките според категоријата живо/неживо;<br>• Препознава присвојни заменки во номинатив;<br>• Користи присвојни заменки во номинатив за да напише куси реченици;<br>• Препознава именки во генитив со предлозите из и с; |

| | |
|---|---|
| • прашални заменки: кто? сколько? как? откуда? где? | • Пишува реченица со употреба на именки во генитив со предлозите из и с;<br>• Препознава именки во локатив со предлозите в и на;<br>• Пишува реченица со употреба на именки во локатив со предлозите в и на;<br>• Применува прашални заменки во куси дијалози; |
| Содржини за дискусија:<br>• имиња на некои руски топоними, типични машки и женски руски имиња<br>• форми за обраќање при воспоставување контакти во руската културна средина (употреба на татково име при формално обраќање). | • Препознава руски топоними;<br>• Прави разлика помеѓу типични руски машки и женски имиња;<br>• Користи правилни модели за обраќање кои се соодветни за руската културна средина; |

**Примери за активности:**

- Учениците се запознаваат со руската азбука, ги повторуваат буквите, слушаат песна и го вежбаат изговорот на гласовите.
- Слушање, разликување и изговор на гласовите. На дадена песна, учениците е потребно да го препознаат гласот во одредени зборови, креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас. Учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Спелување зборови. Наставникот дели ливчиња на учениците со препознатливи зборови. Секој ученик влече ливче, го спелува зборот.
- Учениците играат игра за претставување - стојат во круг и со додавање на топка се претставуваат, играта трае додека не се претстави последниот ученик во одделението *Как тебя/ Вас зовут? Меня зовут … Сколько тебе/Вам лет? Мне 11 лет. Откуда ты/Вы? Я из ….*
- Наставникот пушта музика, а учениците слободно се движат во училницата. Кога ќе запре музиката секој ученик треба да се поздрави и да се запознае со најблискиот ученик.
- Учениците поврзуваат слика од некоја активност со соодветниот глагол во сегашно време.
- Учениците изработуваат постер со поздрави- *Здравствуй! Доброе утро! Добрый день! Добрый вечер! Привет! До свидания! До завтра! Пока!*
- Бура на идеи - учениците ги активираат предзнаењата од мајчиниот јазик на конкретна тема, а потоа на табла се пишуваат зборовите на руски јазик и потоа учениците составуваат реченица со новите зборови.
- Игра меморија - на учениците им се делат картички напишани половина со броеви, а другата половина со зборови. Тие имаат задача да ги поврзат броевите од 1 до 20 со соодветните зборови.

- *Броење до 20.* Учениците последователно ги изговараат броевите од 1 до 20, а останатите внимаваат за да знаат да продолжат, кога ќе дојде нивниот ред.
- Учениците во групи изработуваат колаж со членовите на потесното и поширокото семејство, потоа ги именуваат членовите на семејството.
- Секој ученик црта семејно стебло, ги именува членовите на семејството и истото го презентира.
- Учениците составуваат краток дијалог со употреба на прашалните заменки что? сколько? как? откуда? где?
- Учениците добиваат картички со личните заменки и глаголи во инфинитив, секој влече од двете и има за задача да состави едноставна-проста реченица.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- Учениците усно, во парови, трансформираат реченици од еднина во множина и обратно.
- Реченици во негативна форма. Учениците составуваат кратки реченици во потврдна форма на исечоци од лист и ги ставаат во кутија. Потоа секој ученик влече ливче и ја кажува или ја запишува на табла реченицата во негативна форма.
- Пополнување празни места во табели и реченици.
- Учениците пополнуваат формулар во кој внесуваат лични податоци и интереси и може да се користат содржини од интернет.
- Проектна задача - *Семејно стебло*. Учениците индивидуално изработуваат свое семејно стебло и усно го претставуваат (семејството).
- Проектна задача - Изработка на ученички алманах. Секој ученик дома подготвува краток текст во кој се претставува (насоки: име, возраст, адреса, семејство, потекло, интереси…). На час ги спојуваат изработките од сите ученици во еден алманах и презентираат на часот.

Тема: ***ОПКРУЖУВАЊЕ***

Вкупно часови: 24

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере и дава упатства при секојдневни ученички активности.
2. ги наброи училишните активности и наставните предмети;
2. искаже ден и час;
4. разбере кус едноставен текст со опис на училиштен ден;
5. опишува секојдневни училишни активности.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| • Јазични функции | • Разбира едноставни упатства од наставникот и од своите соученици; |

| | |
|---|---|
| • Давање инструкции, упатства/ постапување според инструкциите и упатствата во врска со училишните активности<br>*(Открой учебник! Кто дежурный?<br>Кого нет на уроке? Кто отсутствует?<br>Открой(те) тетрадь! Слушай(те) и повторяй(те)! Не кричите! Тихо!<br>Выйди(те) к доске! Открой(те) окно/дверь.<br>Прослушай(те) песню! Прочитай(те) текст. Встань(те)! Садись! Садитесь!)*<br><br>• Опишување на училницата, предметите во неа, училишниот прибор<br>*(Это школа. Это школьный двор. В классе окно и дверь, парта, стол, стул и доска. Это книга и тетрадь. Это учебник, словарь, ручка, карандаш.<br>Где мел? - На доске.)*<br>• опишување училишни активности, наставни предмети (*Сегодня понедельник. У меня пять уроков. Завтра у нас история. В субботу и воскресенье мы свободны*.)<br>• искажување афинитети за наставните предмети (*Мне нравится математика. Мой друг любит рисование.*)<br>• опишување секојдневни активности (*Утром я просыпаюсь, собираюсь и отправляюсь в школу.)*<br><br>• опишување просторни односи<br>(*Где школа?- Недалеко от дома.<br>- Где спортзал? - На первом этаже.<br>- Где доска?- На стене.<br>- В углу стоит компьютер.<br>- Ученики здесь, а учитель там.*<br><br>• Искажување време (хронолошко и метеоролошко) | • Пренесува едноставни упатства од наставникот, на своите соученици, на мајчин јазик;<br>• Ги препознава лексемите кои се однесуваат на училницата и училишниот прибор<br>• Со употреба на кратки реченици ја опишува училницата, предметите во неа и училишниот прибор<br>• Ги помни називите на наставните предмети<br>• Ги користи новонаучените зборови и изрази поврзани со училишните активности<br>• Разбира куси реченици со кои се искажува афинитет; Применува јазични структури за искажување допаѓање/недопаѓање;<br>• Помни зборови/изрази кои се однесуваат на секојдневните активности;<br>• Учествува во дијалог преку поставување и/или одговарање на куси прашања поврзани со секојдневните активности во училиштето;<br>• Препознава лексика која се однесува на местоположба (училиште, сала, училница...);<br>• Преведува куси едноставни искази и прашања од руски на мајчин јазик и обратно, поврзани со просторните односи во училиштето;<br>• Разбира изрази кои означуваат временски интервали;<br>• Составува куси искази со употреба на лексика за искажување време. |

| | |
|---|---|
| *- Когда ты завтракаешь? - Утром.*<br>*- Когда ты обедаешь?- Днём.*<br>*- Когда ты гуляешь? - Вечером.*<br>*- Который час? - Три часа.*<br>*- Какая сегодня погода? - Хорошая.*<br>*- Холодно. Идёт дождь, снег.*<br>*- Жарко и душно на улице.* | |
| Лексички единици:<br>• наставни предмети (*математика, русский язык, македонский язык, английский язык, рисование, история)*<br>• училиштен прибор (*карандаш, ручка, тетрадь, мел, доска)*<br>• денови во седмицата (*понедельник, вторник, среда, четверг, пятница, суббота, воскресенье, выходной)*<br>• фрази за искажување временски интервали (утром, днем, вечером, по понедельникам) | • Распознава лексеми што означуваат наставни предмети;<br>• Набројува наставни предмети во конкретен ден од седмицата;<br>• Помни зборови кои означуваат училиштен прибор<br>• Набројува предмети од училишниот прибор;<br><br>• Разбира лексика поврзана со употреба на деновите од седмицата;<br>• Составува куси искази кои ги содржат деновите од неделата во корелација со одредена училишна или слободна активност;<br>• Помни лексика поврзана со временските интервали;<br>• Преведува куси едноставни искази од руски на мајчин јазик и обратно од позната тематика; |

| | |
|---|---|
| Граматички содржини<br>• Искажување присвојност кај заменките: у + Р.П.<br>(*у меня, у тебя, у неё, у него, у нас, у вас, у них*).<br>• Искажување просторни односи со локатив (предложный падеж)<br>*Где доска?- На стене.*<br>• Употреба на датив во безлични конструкции (*Мне холодно)*<br>• Повратни глаголи во сегашно време *(просыпаться, собираться, отправляться, умываться, учиться)*<br>• Описни придавки *(светлый класс, маленькая комната, большое окно, чистая доска)*<br>• Прилози за место, време (*далеко, близко, там, здесь, холодно, жарко, душно, тепло)*<br>• Заповеден начин. (*Открой учебник!* )<br>• Интонација на извични реченици (*Садитесь! Читайте текст!* | • Препознава форма за искажување присвојност со генитив<br>• Креира кратки искази со употреба на формите у *меня, у тебя, у неё, у него, у нас, у вас, у них;*<br>• Препознава именки во локатив за изразување на просторни односи;<br>• Составува куси реченици со примена на именки во локатив за изразување на просторни односи;<br>• Препознава датив во безлични конструкции;<br>• Креира безлични конструкции со примена на заменки во датив;<br>• Разликува повратни глаголи во сегашно време;<br>• Во куси реченици применува повратни глаголи во сегашно време;<br>• Препознава описни придавки;<br>• Креира кратки фрази со правилна употреба на описните придавки;<br>• Разликува прилози за место и време;<br>• Ги применува прилозите за место и време во кратки искази;<br>• Препознава форма на заповеден начин во куси реченици;<br>• Пишува кратки реченици со употреба на заповеден начин;<br>• Препознава интонација на извична реченица;<br>• Применува правилна интонација при изговор на извични реченици. |
| Содржини за дискусија:<br>• Училишната средина во Русија и во Македонија (училиштето, наставните предмети …)<br>• Климатски разлики меѓу двете земји | • Ги разбира сличностите и разликите помеѓу училишните и секојдневните активности на учениците во Македонија и во Русија.<br>• Опишува вообичаен ден на ученикот во двете земји;<br>• Ги идентификува температурните разлики во Русија и Македонија;<br>• Ги споредува климатските услови во двете земји. |

**Примери за активности:**

- Учениците го започнуваат часот со поздравување и пишување датум и ден во табела во тетратка.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- Учениците пеат претходно научена песна.
- Учениците во крстозбор ги допишуваат предметите кои означуваат училиштен прибор според дадена слика или цртеж.
- *Игра меморија.* Учениците добиваат ливчиња со поими, на мајчин јазик и на руски јазик, кои ги означуваат наставните предмети. Ги наоѓаат паровите-еквивалентни зборови на двата јазика.
- Учениците играат игра на препознавање: во една торба секој ученик става по еден предмет од училишниот прибор и потоа само со допир без да го види предметот го кажува на руски јазик (*это книга, тетрадь и карандаш, а это губка , учебник).*
- Усно изразување - секој ученик го презентира сопствениот училишен прибор.
- *Распоредот на мојата паралелка.* Учениците се поделени во пет групи. Секоја група треба да го презентира на руски јазик распоредот на паралелката, за определен ден од неделата. (*математика, русский язык, македонский язык, английский язык, рисование, история).*
- Учениците составуваат кратки дијалози со употреба на деновите од седмицата (*понедельник, вторник, среда, четверг, пятница, суббота, воскресенье).*
- Учениците подредуваат слики со секојдневни рутински активности почнувајќи од утро до вечер и во парови пишуваат куси реченици (*Утром я просыпаюсь, собираюсь и отправляюсь в школу.),* а потоа презентираат.
- На работен лист со слики се прикажани наставните предмети и со зборови се понудени називите на наставните предмети. Учениците треба да ги поврзат наставните предмети со називите.
- Учениците изработуваат распоред на часови и ги дополнуваат наставните предмети на руски јазик според деновите во неделата.
- Учениците поврзуваат слика на која е претставена активност со лексеми што означува дел од денот.
- Учениците, поделени во парови, пишуваат куси дијалози за секојдневни ситуации користејќи новоусвоени прилошки определби за време и едноставни прашања за отпочнување на секојдневен разговор, на пример:

  *- Когда ты завтракаешь? - Утром.*
  *- Когда ты обедаешь?- Днём.*
  *- Когда ты гуляешь? - Вечером.*
  *- Который час? - Три часа.*
  *- Какая сегодня погода? - Хорошая.*
  *- Холодно. Идёт дождь, снег.*

- Пополнување празни места во табели и реченици.
- Учениците пополнуваат табела со селектирани информации од прочитан кус текст поврзан со училишните активности.

- Писмено изразување: Поделени во мали групи, учениците се натпреваруваат во даден временски рок да состават што повеќе едноставни реченици на тема *Училиште*.

  *- Это школа. Это школьный двор.*

  *- В классе окно и дверь, парта, стол, стул и доска.*

  *- Это книга, тетрадь и карандаш, а это губка и мел.*

  *- Где губка? - Она на доске.*

  *- Это учебник, тетрадь, словарь, ручка, карандаш.*

- Проектна задача - Моето училиште и училиштето на мојот другар од Русија: Пребарување на интернет и собирање фотографии и информации за училиштата во двете земји (училишна зграда, училница, распоред на часови, одмор, спортска сала, кантина и сл.) и изработка на постер што ќе биде изложен во училница или преку ПП презентација.

Тема: ***СЛОБОДНО ВРЕМЕ***

Вкупно часови: 24

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги разбере едноставните искази поврзани со слободното време
2. ги опише со куси искази активностите со кои се занимава во слободно време
3. ги искаже своите планови, намери, афинитети
4. напише кус и едноставен текст за изразување на интереси, хоби и слободно време
5. поставува прашања и дава одговори за слободното време и хоби

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Јазични функции<br>• барање/давање информации за активностите од своето слободно време ( -*Ты любишь читать? - Да, я люблю читать. - Нет, я люблю рисовать. Чем ты занимаешься в свободное время?*)<br>• Опишување и разменување информации за активностите од своето слободно време (*Я увлекаюсь гимнастикой. В свободное время* | • Разбира едноставни информации во врска со активностите поврзани со темата „слободно време“;<br>• Учествува во дијалог на позната тематика преку поставување и/или одговарање на куси прашања;<br>• Пренесува едноставни информации од своите соученици за активностите од нивното слободно време;<br>• Пишува кратки, едноставни реченици со опис на активностите од своето слободно време;<br>• Пишува покана или одговара на предложена покана;<br>• Помни изрази за искажување допаѓање/недопаѓање; |

| | |
|---|---|
| *хожу в горы. Я люблю гулять. У тебя есть хобби? - Какое у тебя хобби?)*<br>• Поканување, прифаќање/одбивање на покана (- *Давай играть в футбол/баскетбол! - Давай! - Поиграем вместе? - Поиграем, конечно. - Спасибо за приглашение! - Обязательно приду. - Извини, но я не смогу прийти, мне надо учить уроки).*<br>• Искажување желби, планови, намери, интереси, допаѓање / недопаѓање (- *Сегодня вечером мы идём в гости. - После обеда я делаю домашнее задание. - Чем ты увлекаешься/интересуешься?)* | • Составува куси реченици во кои применува јазични структури за да искаже желби, планови и намери;<br>• Преведува и пишува куси едноставни искази и прашања од руски на мајчин јазик и обратно за искажување интереси. |
| Лексички единици:<br>• Лексика за активности во слободното време<br>- спорт (*баскетбол, волейбол, гандбол, заниматься спортом)*<br>*- хоби (танцевать, коллекциониравать)*<br>- музика и музички инструменти (*гитара, пианино, скрипка, играть на барабане)*<br>*- други активности (смотреть фильмы, слушать музыку, кататься на самокате/на велосипеде/на коньках)*<br>- места за слободни активности (*стадион, спортзал, набережная, горы, кафе, клуб, кино)* | • Препознава лексика поврзана со слободното време;<br>• Разбира зборови и изрази поврзани со активности во слободно време;<br>• Пишува искази во врска со секојдневни активности и дејства во корелација со одредена училишна активност, слободно време/хоби;<br>• Искажува сопствено мислење за музиката/хоби/слободно време;<br>• Поставува прашања за слободното време и хобија. |

<table>
<tr>
<td>Граматички содржини<br><ul><li>заповеден начин (со зборот давай или без него (низ примери): Поиграем вместе! Давай поиграем вместе!</li><li>интонација на прашални и извични реченици</li><li>падежни конструкции со инструментал (заниматься спортом, увлекаться плаванием, интересоваться литературой)</li><li>локатив и акузатив за место и насока (была в спортзале/ иду в спортзал)</li><li>Глаголи во сегашно време (любить, интересовать(ся)...)</li></ul></td>
<td><ul><li>Препознава форма за заповеден начин;</li><li>Образува куси реченици во кои користи форми за заповеден начин</li><li>Разликува интонација на извична и на прашална реченица;</li><li>Употребува правилна интонација во конкретен контекст;</li><li>Препознава именки во инструментал;</li><li>Создава реченици со употреба на именки во инструментал;</li><li>Разликува локатив и акузатив за место и насока во дадена реченица;</li><li>Образува искази со правилна употреба на локатив и акузатив за место и насока;</li><li>Помни глаголи во сегашно време тематски поврзани со слободното време;</li><li>Составува усно/писмено кратки реченици во кои применува глаголи во сегашно време;</li></ul></td>
</tr>
<tr>
<td>Содржини за дискусија:<br><ul><li>Слободното време на учениците во Македонија и во Русија</li></ul></td>
<td><ul><li>Ги идентификува активностите кои во слободно време ги практикуваат учениците во Македонија и во Русија;</li><li>Ги споредува активностите кои во слободно време ги практикуваат учениците во Македонија и во Русија;</li></ul></td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">Примери за активности:<br><ul><li>Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за рускиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.</li><li>Усна интеракција, на мајчин јазик, меѓу учениците и наставникот на тема активности во слободно време. Преку техниката Бура на идеи учениците, на мајчин јазик, ги кажуваат активностите што ги прават во своето слободно време. Наставникот ги запишува на табла( заниматься спортом, играть на барабане, танцевать, слушать музыку) . Учениците истите ги запишуваат во тетратките.</li><li>Вежба преку слики. Наставникот покажува слики/цртежи од зборови и изрази поврзани со слободното време и ги кажува на руски јазик. Потоа истите зборови ги повторуваат и учениците и ги кажуваат нивните значења на мајчин јазик. Потоа изразите ги запишуваат на табла, и ги препишуваат во своите тетратки.</li><li>Подредување зборови во кратки реченици по логичен редослед во кои применува глаголи од сегашно време</li></ul></td>
</tr>
</table>

- Игра *„Што сакам да правам во слободно време".* Наставникот запишува на табла неколку реченици од типот : *Чем ты занимаешься в свободное время? Чем ты увлекаешься/интересуешься? Какое у тебя хобби?* За секоја од напишаните реченици наставникот има подготвена илустрација/фотографија. Наставникот ги става на клупа или ги држи во рака. По еден ученик, последователно, треба да излезе пред табла, одбере една илустрација, да ја поврзе (залепи) со соодветна реченица и истата да ја прочита на глас.
- Игра *Пантомима*. Пред табла, еден ученик покажува со гестови одредена активност во слободното време што останатите ученици треба да ја погодат и да го кажат зборот/изразот на руски јазик.
- *Состави реченица*. Наставникот ги дели учениците на помали групи. На секоја група ѝ дели измешани зборови напишани на картичка со  кои треба да состават реченица. Потоа секоја група ја презентира својата реченица. Активноста се повторува неколку пати со различни зборови/реченици.
- Пополнување празни места во искази поврзани со слободно време, музика, хоби.
- Учениците индивидуално изработуваат честитки за нова година.
- Учениците во парови поставуваат кратки прашања за хоби и одговараат на истите.
- Писмено изразување.  Учениците ги опишуваат активностите од своето слободно време во кратки, едноставни реченици.

*- Я люблю рисовать.*
*- Мне нравится футбол.*
*- Я люблю играть в футбол.*
*- Мне не нравится бокс.*
*- Мой любимый спорт – теннис.*
*- Мне интересно смотреть теннис.*

- Учениците пишуваат кратки реченици со употреба на формата за заповеден начин.

*Поиграем вместе!*
*Давай поиграем вместе!*
*Давай играть вместе!*

- *Познати личности*. Учениците се поделени во групи. Наставникот доделува по една слика на позната личност на секоја група. Во рамките на групите учениците составуваат краток текст во кој ја претставуваат личноста, без да го посочат името. По еден претставник од групите го чита напишаното. Останатите групи слушаат внимателно и имаат задача да погодат за која личност станува збор.
- Проектна задача *Фото приказна*. Учениците, во групи, изработуваат постер со слики кои илустрираат активности и со кратки едноставни реченици поврзани со нив.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во шесто одделение по предметот руски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербално и невербално реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирањето на куси искази и куси дијалози, куси стихотворби;

- правилно пишување на зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- пишување кратки и едноставни реченици и текстови на зададени теми;
- индивидуални и групни изработки на проектни задачи (постери, илустрации, дневници…);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативното оценување се користи во одредени периоди во наставната година и е поврзано со одредени периоди, крај на одделна тема, тримесечие, полугодие и бројчана оценка на крај на учебната година.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Руски јазик* за VI одделение.** | бр. 08-3170/12<br>15.3.2023 година<br><br>**Министер за образование и наука**<br>**Doc. d-r Jeton Shaqiri, с.р.**<br><br>____________________________ |